**2011017395**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2011 година.

Бр. 07- 644/1
3 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

Член 1

Во Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари (“Службен весник на Република Македонија” број 77/2003, 54/2007, 48/10 и 67/10), во членот 2 точка 2 зборот "Даватели" се заменува со зборот "Давател", а по зборовите: "дозвола за вршење" се додаваат зборовите: "на услуга".

Член 2

Во членот 12 точка 2 зборот "имаат" се заменува со зборот "има", а по зборот "тероризам" се додаваат зборовите: "одобрена од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам".

Член 3

Во членот 14 став 1 по зборовите: "член 12" зборовите: "став 2" се бришат.

Член 4

Во членот 35 ставот 3 се менува и гласи:

"Против решението од ставот 2 на овој член може да се поднесе жалба до Комисија при Министерството за финансии составена од три члена кои ги именува министерот за финансии."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"Комисијата од ставот 3 на овој член ќе ја донесе одлуката по жалба во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

При вршењето на инспекцискиот надзор соодветно се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор."

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 6, 7 и 8.

Член 5

Членот 37 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на давател на услуги брз трансфер на пари, ако:

1) не го раскине договорот со субагентот кој престанал да ги исполнува условите од членот 12 на овој закон, или направил промени во однос на задолжителните податоци содржани во договорот (член 14 став 4);

2) не издаде писмен документ - потврда за секоја уплата и исплата на ефективни странски пари и не води единствена евиденција за секоја трансакција на брз трансфер на пари (член 21 ставови 1 и 3);

3) наплати провизија за услугата трансфер на ефективни странски пари во друга валута и не ги истакне тарифата за вршење на услугата брз трансфер на пари и лимитите од членот 20 став 1 на овој закон на видно место во просториите каде што се извршува брзиот трансфер на пари (член 22) и

4) не ја извести или ненавремено ја извести Народната банка и не го приложи договорот од членот 23 на овој закон.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице на давателот на услугата брз трансфер на пари."

Член 6

По членот 37 се додаваат два нови члена 37-а и 37-б, кои гласат:

"Член 37-а

Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на давател на услуга брз трансфер на пари, ако:

1) не доставува месечни извештаи до Народната банка (член 24) и

2) не води сметководство и евиденција, не определи друштво за ревизија, не изврши ревизија и не достави извештај до Народната банка (член 26).

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на давателот на услугата брз трансфер на пари.

Член 37-б

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на давател на услуга брз трансфер на пари, ако:

1) не ја одржува вредноста на средствата или средствата ги користи спротивно на членот 6 став 2 од овој закон;

2) не поднесе барање за добивање претходна согласност или не добие согласност за промена, а извршил промена во документацијата, информациите и податоците од членот 7 точки 1, 2, 3, 4, 7, 8 и 10 и членот 7-а став 2 точки 1, 2, 4 и 5 на овој закон (член 11 став 1);

3) го врши трансферот на пари надвор од просториите наведени во дозволата од членот 10 точка 2, односно согласноста од членот 7-а став 2 точка 5 на овој закон (член 16);

4) врши услуга брз трансфер на пари за домашни и странски правни лица (член 17);

5) уплатите и исплатите по основ на брз трансфер на пари не ги врши преку посебни сметки отворени кај домашни банки овластени за платен промет со странство (член 18 став 1);

6) трансферот на пари го врши спротивно на членот 19 од овој закон и

7) не се придржува кон лимитите од членот 20 на овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на давателот на услугата брз трансфер на пари."

Член 7

Членот 38 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на субагент, ако:

1) не издава писмен документ - потврда за секоја уплата и исплата на ефективни странски пари и не води единствена евиденција за секоја трансакција на брз трансфер на пари (член 21 ставови 1 и 3) и

2) наплати провизија за услугата трансфер на ефективни странски пари во друга валута и не ги истакне тарифата за вршење на услугата брз трансфер на пари и лимитите од членот 20 став 1 на овој закон на видно место во просториите каде што се извршува брзиот трансфер на пари (член 22).

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на субагентот.

Член 8

По членот 38 се додаваат четири нови члена 38-а, 38-б, 38-в и 38-г, кои гласат:

"Член 38-а

"Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на субагент, ако не води сметководство и евиденција согласно со членот 26 ставови 1 и 2 од овој закон.

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на субагентот.

Член 38-б

Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на субагент, ако:

1) не го извести давателот на услуга брз трансфер на пари за секоја промена на условите и податоците од членот 14 став 3 на овој закон;

2) го врши трансферот на пари надвор од просториите наведени во договорот од член 14 став 1 на овој закон (член 16);

3) врши услуга брз трансфер на пари за домашни и странски правни лица (член 17);

4) уплатите и исплатите по основ на брз трансфер на пари не ги врши преку посебни сметки отворени кај домашни банки овластени за платен промет со странство (член 18 став 3);

5) трансферот на пари го врши спротивно на членот 19 од овој закон и

6) не се придржува кон лимитите од членот 20 на овој закон.

Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на субагентот.

Член 38-в

За прекршоците утврдени со овој закон, лицата кои се овластени за надзор се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка, согласно со Законот за прекршоците.

Член 38-г

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".